Подготвил:
**Александар КЕЛТАНОСКИ**

## VAIO VGX-TP1 HOME THEATRE PC

Тивко и без никаква помпа "Sony" пушти во продажба компјутер, чија намена е репродукција на мултимедијални содржини на HD телевизорите. "Sony" го претстави Vaio VGX-TP1 Home Theatre PC, кој е дизајниран така што без никакви проблеми да се вклопува во околината на дневната соба. На прв поглед уредот всушност воопшто и не изгледа како компјутер. Куќиштето со скромни димензии во себе крие PC базиран на Intel Core 2 Duo 1.83 GHz процесор со 2 GB рам меморија, хард диск со капацитет од 300 GB, DVD снимач и ТВ-тјунер. Ова не би бил вистински Vaio кога не би поседувал и Firewire и читач на мемориски картички, а за полесно вмрежување е додаден и безжичен мрежен адаптер. Компјутерот функционира на Windows Vista Home Premium оперативен систем, а неговата цена е 1.600 американски долари.



## SONY ERICSSON K770 CYBER-SHOT



За разлика од останатите Cyber-shot модели, кои првенствено беа фокусирани на камерата, K770 го краси и привлечен стилски дизајн. Во смисла на дизајнот можеме да спомнеме дека K770 е најтенкиот (14,5 мм) Cyber-shot до сега. Што се однесува до техничките карактеристики K770 може да се пофали со 1,9-инчен дисплеј; 3,2-мегапикселна камера; Bluetooth; FM радио; слот за Memory Stick Micro; и поддршка за tri-band GSM/3G/UMTS мрежи. Исто така, K770 доаѓа со преинсталиран софтвер наречен Photo fix, кој овозможува едитирање на фотографиите директно на телефонот. Новиот Sony Ericsson K770 Cyber-shot треба да се појави на пазарот при крајот на 2007 година, а неговата цена сè уште не е позната.



